**Здружение за правата на Ромите - Штип**
**Association for human rights protection of Roma - Shtip, Macedonia**
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
ul. "Vanco Prke" 62/3 - 2
2000 Shtip, Macedonia
Tel: 00 389 32 380 517
Fax: 00 389 32 391 517
E-mail:arrp@mt.net.mk

# ПЕРИОДИЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА „ Ромскиот информативен центар“ - Штип Јануари - Декември 2009 год.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МТСП
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

*Здружение за правата на Ромите - Штип Ул. "Ванчо Прке" бр. 62/3 - 2,*
*тел. 032 391 517, факс 032 380 517, e-mail. arrp@mt.net.mk*

- **Јануари 2009 год.**

Во месец Јануари во РИЦ - Штип работите се одвиваа во поголема мера така што беа изготвени 81 предмет од кои 33 предмети беа барања за еднократна парична помош за кои од страна на вработените во РИЦ - Штип, за 21 предмет беше ургирано до ЦСР - Штип, за луѓе на кој што им беше неопходна еднократна парична помош бидејќи по увидот на вработените тие се наоѓаа во крајно безизлезни ситуации.
**Останатите 48 предмети беа:**
одговор на тужба, тужби, жалби, молби, барања, приговор против платен налог, претставки, ургенции и.т.н.
На ден 23.01.2009 година по иницијатива на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјални работи - Штип беа поканети вработените лица при Ромскиот информативен центар - Штип и претседателот на Здружението за правата на Ромите - Штип на заеднички состанок.
Целта на состанокот беше да се изнајдат соодветни механизми за ресоцијализација на лице на кое му прекинува правото за престој во Домот за згрижување на деца без родителска грижа "25 МАЈ" - Скопје.
Поради потребата за ресоцијализација на лицето беа потребни и останатите претставници од локалните јавни институции, па беше решено состанокот да се одложи и да се одржи на 26.01.2009 година.
РИЦ - Штип и ЗПР - Штип во соработка со Центар за социјални работи - Штип ги извести сите релевантни институции: Агенција за вработување - Штип, ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор - Штип како и претсдтавник од Локална самоуправа - Штип.
Во текот на овој месец односно на ден 28.01.2009 година вработените лица при Ромскиот информативен центар - Штип во соработка со новинар од локалната телевизија "ИРИС" беа на увид на улица "Сутјеска".
Како превземени активности и постигнати резултати при работата на Ромскиот информативен центар - Штип беа погоре наведените влијанија и достигнувања.
На состанокот кој што се одржа на ден 26.01.2009 година присуствуваа сите релевантни институции на локално ниво.
Беа присутни РИЦ - Штип, ЗПР - Штип, ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи - Штип, Агенција за вработување - Штип, ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на РМ - Штип и Локална самоуправа - Штип.
Дневен ред на состанокот беше изнаоѓање на соодветни механизми за ресоцијализација односно за решевање на проблемот за вработување, за егзистенција и соодветно сместување на лицето Сурач Асанов.
На самиот состанок стручниот тим од Центарот за социјални работи - Штип разгледувајќи го досието доставено од Домот за згрижување на деца без родителска грижа "25 МАЈ" - Скопје, се увиде дека лицето Сурач Асанов се стекнал со средно образование од четврти степен и истиот има наод, оцена и мислење со лесна ментална ретардација.
За ресоцијализацијата односно за решавање на проблемот на лицето С. А. си земаа за обврска сите поканети локални институции за што побрзо и поажурно решавање на проблемот.

Центарот за социјални работи - Штип и Локалната самоуправа - Штип презедоа одговорност во обезбедувањето на еднократна парична помош која ќе му послужи за пристоен живот се до неговото прво вработување.
Задачата на РИЦ - Штип и ЗПР - Штип беше во делот да се изнајде соодветен простор за неговото сместување и заедно со Центарот за социјални работи - Штип да ја набљудуваат неговата ресоцијализација.
Следниот состанок со сите релевантни институции беше закажан за 09.02.2009 година каде што ќе се утврдат постигнатите резултати.
На ден 28.01.2009 година по барање на 8 ромски семејства од страна на РИЦ - Штип беше излезено на лице место со цел да се изврши увид на проблемот кои го имаат семејставата.
Имено семејствата живеат во централното подрачје на градот - Штип, но од непознати причини нивната уличка не била урбанизирана иако сите се редовни претплатници на комуналии и сите семејства поседуваат соодветни документи за нивните куќи.
Од страна на РИЦ - Штип беше поканета телевизиската куќа "ТВ ИРИС" со цел истите да го актуелизираат проблемот на овие семејства.
Од страна на РИЦ - Штип беше телефонски обавено разговор со Локалната самоуправа - сектор за урбанизам и животна средина, и беше закажан состанок со началникот на секторот за следниот месец односно на ден 16.02.2009 год.
Состанокот беше закажан со цел да се увиде зошто и поради кои причини улицата останала ненаправена.

- **Февруари 2009 год.**

Во текот на месец Февруари Ромскиот информативен центар - Штип воглавно се залагаше со обновата на документацијата на корисниците на постојана парична помош.
Исто така во текот на овој месец персоналот на Ромскиот информативен центар - Штип присуствуваа на трибина од страна на Националниот ромски центар.
Како друга активност во текот на овој месец персоналот на РИЦ - Штип беа излезени на терен со цел информирање на корисниците на постојана парична помош за нивното навремено доставување на потребните документи за обнова на помошта.
Во текот на месец февруари во просториите на ромскиот информативен центар - Штип се обратија 10 странки од ромската популација каде што побараа да им се изготват молби за обнова на постојана парична помош и воедно побараа да бидат советувани како и кои документи мораат да ги набават.
Во текот на овој месец освен молбите за постојана парична помош, беа изготвени и 47 барања за еднократна парична помош, ваквиот одѕив на граѓаните од ромската заедница е потврда дека истите се наоѓаат во крајно безизлезни ситуации поради ниските примања од Центарот за социјални работи, па поради истото се приморани да бараат дополнителна помош од Центарот.

Во текот на овој месевц односно на 04.02.2009 год. Ромскиот информативен центар - Штип присуствуваше на јавна трибина во хотелот "ОАЗА", која беше организирана од Националниот ромски центар - Куманово.
На трибината присуствуваа преставници од јавните институции на локално ниво, НВОи од Општина Штип како и Ромскиот информативен центар - Штип.
Целта на трибината беше презентација на досегашните резултатите од спроведувањето на проектот "Клучот е во ваши раце" спроведуван низ целата територија на Р. Македонија, а спроведуван од страна на НРЦ - Куманово.
Во текот на овој месец на ден 09.02.2009 год. вработените при ромскиот информативен центар - Штип беа присутни на терен односно во ромските населби "Радански пат" и "Косовска" со цел да ги информираат ромите за околу обновата на документацијата за користење на правото на постојана парична помош.
Од страна на Ромскиот информативен центар - Штип беа посетени сите семејства кои се корисници на постојана парична помош.

- **Март 2009 год.**

Во периодот на известување односно месец Март 2009 год. Ромскиот информативен центар - Штип во текот на овој месец обави две теренски посети односно на 18.03.2009 година и 23.03.2009 година.
Целта на посетите на ромските семејства беше ромската заедница да се информира за актуелните проблеми околу помошта кои ја примаат од Центарот за социјални работи и околу три актуелни конкурси за вработување објавени во Агенцијата за вработување.
Од страна на Ромскиот информативен центар за време на теранските посети беа посетени 36 семејства кои беа конкретно известени за тековните конкурси објавени од Агенцијата за вработување - Штип.
Во периодот на овој месец освен теренската работа Ромскиот информативен центар се залагаше со пружањето на бесплатна правна помош на лицата преставници на ромската заедница.
Воглавно поради ниските примања од Центарот за социјална работа - Штип во просториите на Ромскиот информативен центар - Штип се обратија 34 странки кои побараа да им се изготват барања вклучително со сите потребни документи за аплицирање односно за добивање на еднократна парична помош со цел да остварат нивни неопходни потреби.
Освен барањата за еднократна парична помош во просториите на ромскиот информативен центар - Штип беа изготвени и дополнителни предмети кои се од суштинско значење за одредени припадници на ромската заедница.
Во периодот на март 2009 година во просториите на Ромскиот информативен центар - Штип вкупно беа изготвени 56 предмети.

- **Април 2009 год.**

Во периодот на известување Ромскиот информативен центар - Штип, се залагаше со подготовка на документи и советување на странките во обласа на социјалната заштита и вработувањето.
Во овој период во просториите на Ромскиот информативен центар - Штип се обратија 66 странки за кои беа изготвени соодветни документи во полето социјалната заштита.
Во полето на вработувањето од страна на вработените лица при РИЦ - Штип, 23 странки побараа помош и совет за тоа како би можеле да најдат соодветно вработување.
Со претходно консултирање на РИЦ - Штип и членот на работната група вработен во Агенција за вработување - Штип Г-дин Коле Џамбазов беше разговарано за изнаоѓање на соодветоно решение за вработување на странките односно ромската заедница.
Од страна на Г-дин Коле Џамбазов РИЦ - Штип добивме информација за тековните конкурси за вработување на локално ниво, а ни беше укажано и дека во текот на Мај месец ќе се објави конкурс во склоп на владините активни мерки за вработување, со цел создавње и регистрирање на фирми за самовработување, со што ромската заедница би била во можност да го решат проблемот со вработувањето.
Од страна на РИЦ - Штип странките беа информирани и советувани за како да аплицираат и како соодветно на претстојниот конкурс да аплицираат за самовработување.

- **Мај 2009 год.**

Во периодот на известување Ромскиот информативен центар - Штип ,се залагаше за и околу конкурсот за вработување на Роми со најмалку завршено основно образование
како и за информирање на ромаската популација околу истиот конкурс.
Од страна на Ромскиот информативен центар - Штип, беа организирани информативни средби со жителите на ромските населби Радански Пат и Косовска, како и печатење на јавниот оглас и дистрибуција до потенцијалните фирми и лепење на истиот оглас во наведените ромски населби.
Во текот на извештајниот период Ромскиот информативен центар-Штип одржа состанок со лице од Меѓуопштинскиот тим за обука, прекфалификација и дискфалификација госпоѓа Лидија Аксенова одговорна за реализација на јавниот оглас, а вработена при Агенција за вработување Штип.
Во месец Мај од страна на вработените на Ромскиот информативен центар - Штип беа опслужени вкупно 43 странки кои побара помош за изготвување на соодветни документи во полето на социјалната заштита и заштита на граѓаните во кривични и граѓански постапки.
Ромскиот информативен центар - Штип во текот на месец Мај изготви 18 барања за еднократна парична помош,1 молба,5 тужби, 4 изјави,3 жалби,1 приговор, 8 општи барања,1 договор,1 прелог,и 1 известување.

Од вкупно 43 предмети изготвени од РИЦ-Штип по телефонски разговор беше ургирано за 7 барања за еднократна парична помош и за 1 молба за постојана парична помош.

Странките кои побараа помош од страна на РИЦ-Штип сите беа информирани околу конкурсот за вработување за роми со најмалку завршено основно образование.
На состанокот со советникот од меѓуопштински тим за обука,прекфалификација и дискфалификација од агенцијата за вработување г-ѓа Лидија Аксенова добивме подршка за заедничка соработка околу конкурсот .
Бидејки конкурсот беше објавен кон крајот на месец Мај односно на 26,05,2009 година за дополнителните активности во врска со јавниот оглас и организираните средби со потенцијалните фирми и граѓаните од ромската заедница, јунскиот извештај ќе ги содржи сите релевантни информации и детали околу огласот.

- **Јуни 2009 год.**

Во периодот на известување Ромскиот информативен центар - Штип, се залагаше како со редовната работа во канцеларија така и на терен во посета на ромските населби со цел да ги информираме граѓаните на ромската заедница за и околу конкурсот за вработување на Роми курсисти со завршено најмалку основно образование.
Ромскиот информативен центар - Штип во текот на месец Јуни односно на ден 10.06.2009 год. по однапред закажана средба бевме во посета на Агенцијата за вработување - Штип, со цел да се разменат информации, да се согледаат предностите на Јавниот оглас и во врска со истото да се иницираат средби со потенцијални фирми кои би пројавиле интерес за примање на нови работници од ромската заедница.
Од страна на вработените лица во Ромскиот информативен центар - Штип беше разговарано со Г-ѓа Лидија Аксенова инаку советник од меѓуопштински тим за обука, преквалификација и дисквалификација.
Во текот на овој месец, покрај средбата со граѓаните од ромската заедница и средбата со претставник од Агенција за вработување - Штип, Ромскиот информативен центар - Штип оствари и средба со потенцијалните работодавачи од Штип.
Седбата се одржа на ден 15.06.2009 год. во просториите на Локалната Самоуправа - Штип, каде покрај РИЦ - Штип беа присутни и претставници на 7 потенцијални работодавачи.
Во текот на овој месец во Ромскиот информативен центар - Штип беа опслужени вкупно 26 странки и истите побараа од РИЦ - Штип да им се изготват одредени барања до релевантните институции.
Во текот на овој месец РИЦ - Штип по однапред добиена информација од Министерството за труд и социјална политика - Скопје, во врска со Јавниот оглас за вработување на Роми со најмалку завршено основно образование од кои Министерството ќе им плаќа три месеци по 4.000 ден. како на вработените така и на работодавачите.
Оваа информација од страна на РИЦ - Штип беше пренесена кај ромската заедница и од директните разговори со ромите од страна на РИЦ - Штип беше дојдено до заклучок дека поголем дел од информираните пројавија интерес.
На ден 10.06.2009 год. од страна на Ромскиот информативен центар - Штип беше обавен состанок со претставник од Агенцијата за вработување - Штип со цел да се увиде состојбата во врска со конкурсот.

Ромскиот информативен центар - Штип од разговорот со претставничката од АВРМ - Штип Г-ѓа Лидија Аксенова инаку советник од меѓуопштинскиот тим за обука, преквалификација и дисквалификација заклучи дека ниту една фирма од Штип не пројави интерес за вработување на Роми со најмалку завршено основно образование.
Од овие причини РИЦ - Штип заклучи дека е неопходно да се оствари средба со потенцијалните работодавачи со цел да им го презентриа Јавниот оглас објавен од страна на Министерството за труд и социјална политика.
На ден 15.06.2009 год. Ромскиот информативен центар - Штип во соработка со Здружението за правата на Ромите - Штип закажа средба со 7 потенцијални работодавачи, а воедно на средбата беа повикани и преставници од агенцијата за вработување - Штип.
На средбата присуствуваа фирми од мешовит карактер и тоа:

- "Топла Акумулатори" - фирма за обработка на стари акумулатори и увоз нанови топла акумулатори;
- "Магус" - печатница;
- "Вивенди" - модна конфекција;
- "Ал Пан" - фирма за производство на алуминиумска и ПВЦ столарија;
- "2 Август" - печатница;
- "Мулти Крем" - фирма за производство на чоколаден крем;
- "Бреза" - фирма за производство на мебел;

На средбата од страна на Агенцијата за вработување - Штип огласот им беше презентиран на работодавачите но за жал истите не пројавија интерес за примање на Роми со најмалку завршено основно образование, бидејки конкурсот не беше соодветен на нивниот интерес.

Во текот на овој месец во просториите на Ромскиот информативен центар - Штип беа опслужени 26 странки кои побараа да им се изготват соодветни барања, молби, жалби кои од страна на РИЦ - Штип беа доставувани до релевантните институции на Ликално и национално ниво.

**Јули:**

Во периодот на известување Ромско информативниот центар - Штип освен редовната работа во канцеларија имаше неколку информативно консултативни средби со граѓаните од Ромска националност како и одржани две фокус групи , во врска со имунизацијата на децата Роми .

На ден 07.07.2009 год. РИЦ - Штип имаше средба со жени од Ромската заедница поточно од улиците "Радански Пат" и "Косовска".

Целта на посетата беше да се потврди учество на жените ромки во фокус групата што беше организирана од страна на ХДЗР - Гостивар и Здружение за еманципација солидарност и еднаквост на жени ЕСЕ од Скопије, а со целовкупна техничка и административна помош од вработените на РИЦ - Штип.

Фокусните групи се одржаа на ден 08.07.2009 година со почеток во 13 часот во просториите на ЗПР и РИЦ - Штип .

Првата фокусна група ја сочинуваа 12 жени од ромската заедница, а втората ја сочинуваа претставници од одделението за вакцина на деца пред Школска возраст .

РИЦ - Штип во неколку наврати го посети СВР - Штип или поточно матичната служба во Штип, а целта на ваквата посета беше да им се помогне на одредени Роми кои имаа огромна потреба од комуникација со институциите и потреба од пишување на барања и молби за издавање на изводи од матичната книга на родените , државјанства како и да се пријави престој на странски државјанин кои престојува во РМ односно во Штип.

Во месец Јули поточно на ден 09.07.2009 год. РИЦ - Штип по однапред добиена информација од РИЦ - Делчево, имаше средба со Ромите кои беа на сезонска работа на берење вишни во Делчево.

Таму се случи вистинска трагедија и несреќен случај каде што од невнимание на одредена фирма задолжена за подготовка на храна беа отровени.

На сезонска работа биле околу 100 лица од Струмица, Радовиш, Кочни и Виница, и скоро сите буквално беа отровени од несоодветно приготвената храна, од кои имало и малолетни деца.

По добиената информација РИЦ - Штип отиде да ги посети хоспитализираните лица во инфективно одделение при Општа Болница Штип, со цел да добиеме одредени информации за тоа како и што се случило тој ден.

Во Штипската болница беа хоспитализирани по критичните случаеви на мажи, жени и деца кои од вкупно 12 лица 5 беа малолетници девојчиња.

**Во прилог слики:**





Персоналот на РИЦ - Штип на 13.07.2009 година околу 17 часот беше на терен на улицата Косовска за да добиме информации од тепачката што се случила меѓу две ромски семејства ,кои на ден 11.07.2009 година беа на берба на вишни во Тетовско а потоа откако се вратија повторно започнаа расправија .

На ден 14.07.2009 година РИЦ - имаше и состанок во локалната самоуправа со референтите на ромската заедница .

Во периодот на известување Ромскиот информативен центар - Штип, се залагаше како со редовната работа во канцеларија така и на терен во посета на ромските населби со цел да ги информираме граѓаните на ромската заедница за и околу конкурсот за вработување на Роми курсисти со завршено најмалку основно образование.

Ромскиот информативен центар - Штип во текот на месец Јуни односно на ден 10.06.2009 год. по однапред закажана средба бевме во посета на Агенцијата за вработување - Штип, со цел да се разменат информации, да се согледаат предностите на Јавниот оглас и во врска со истото да се иницираат средби со потенцијални фирми кои би пројавиле интерес за примање на нови работници од ромската заедница.

Од страна на вработените лица во Ромскиот информативен центар - Штип беше разговарано со Г-ѓа Лидија Аксенова инаку советник од меѓуопштински тим за обука, преквалификација и дисквалификација.

Во текот на овој месец, покрај средбата со граѓаните од ромската заедница и средбата со претставник од Агенција за вработување - Штип, Ромскиот информативен центар - Штип оствари и средба со потенцијалните работодавачи од Штип.

Седбата се одржа на ден 15.07.2009 год. во просториите на Локалната Самоуправа - Штип, каде покрај РИЦ - Штип беа присутни и претставници на 7 потенцијални работодавачи.

Во текот на овој месец во Ромскиот информативен центар - Штип беа опслужени вкупно 26 странки и истите побараа од РИЦ - Штип да им се изготват одредени барања до релевантните институции.

Во текот на овој месец РИЦ - Штип по однапред добиена информација од Министерството за труд и социјална политика - Скопје, во врска со Јавниот оглас за вработување на Роми со најмалку завршено основно образование од кои Министерството ќе им плаќа три месеци по 4.000 ден. како на вработените така и на работодавачите.

Оваа информација од страна на РИЦ - Штип беше пренесена кај ромската заедница и од директните разговори со ромите од страна на РИЦ - Штип беше дојдено до заклучок дека поголем дел од информираните пројавија интерес.

На ден 10.07.2009 год. од страна на Ромскиот информативен центар - Штип беше обавен состанок со претставник од Агенцијата за вработување - Штип со цел да се увиде состојбата во врска со конкурсот.
Ромскиот информативен центар - Штип од разговорот со претставничката од АВРМ - Штип Г-ѓа Лидија Аксенова инаку советник од меѓуопштинскиот тим за обука, преквалификација и дисквалификација заклучи дека ниту една фирма од Штип не пројави интерес за вработување на Роми со најмалку завршено основно образование.

Од овие причини РИЦ - Штип заклучи дека е неопходно да се оствари средба со потенцијалните работодавачи со цел да им го презентриа Јавниот оглас објавен од страна на Министерството за труд и социјална политика.

На ден 15.07.2009 год. Ромскиот информативен центар - Штип во соработка со Здружението за правата на Ромите - Штип закажа средба со 7 потенцијални работодавачи, а воедно на средбата беа повикани и преставници од агенцијата за вработување - Штип.
На средбата присуствуваа фирми од мешовит карактер и тоа:

- "Топла Акумулатори" - фирма за обработка на стари акумулатори и увоз нанови топла акумулатори;
- "Магус" - печатница;
- "Вивенди" - модна конфекција;
- "Ал Пан" - фирма за производство на алуминиумска и ПВЦ столарија;
- "2 Август" - печатница;
- "Мулти Крем" - фирма за производство на чоколаден крем;
- "Бреза" - фирма за производство на мебел;

На средбата од страна на Агенцијата за вработување - Штип огласот им беше презентиран на работодавачите но за жал истите не пројавија интерес за примање на Роми со најмалку завршено основно образование, бидејки конкурсот не беше соодветен на нивниот интерес.

Во текот на овој месец во просториите на Ромскиот информативен центар - Штип беа опслужени 26 странки кои побараа да им се изготват соодветни барања, молби, жалби кои од страна на РИЦ - Штип беа доставувани до релевантните институции на Локално и национално ниво.

**Август:**

Во периодот на известување, Ромскиот информативен центар - Штип, како и секој месец редовно ги вршеше своите пропишани активности со Ромската популација во Штип и дел во Кочани. Месецот Август прилично е познат како месец кој нема многу активности, но сепак РИЦ - Штип редовно ја следеше состојбата со Ромите и ги информираше истите за нивните потреби.

На ден 12.08.2009 година РИЦ - Штип го следеше настанот со рушењето на ромските куќи кои бесправно беа изградени веднаш до фабриката за вода во Кочани. На денот на рушењето имаше присутни полицајци кои беа повеќе од педесетмина со панцири и автоматски пушки. Вкупно се срушија 19 ромски куки кои сега во моментот живеат под шатори или импровизирани куќи од најлони.

Една од побитните активности во текот на месецот е тоа што представник на РИЦ на ден 27.08.2009 година беше присутна на состонокот одржан во Локалаената самоуправа во Штип чиј организатор беше Граѓанско советодавната група формирана преку проектот на ОСЦЕ за градење доверба меѓу граѓаните и Полицијата. Тема на состонокот беше "Како да се воспостави соработка помеѓу граѓаните и полицијата. Присутни на состанокот беа членови на повеќе НВОи, Полицијата и Локалаената Самоуправа. На состанокот се разговараше прилично за мерките кои се неопходни за воспоставување за заштита на граѓаните, во целиот разговор се напоменаа и Ромите кои многу често го прекршуваат законот и доаѓаат до судир со преставниците на полицијата. Во заштита на Ромите Сенада напомена дека не се само Ромите кои се судруваат со полицијата туку и полицијата прво предизвикува судир, а потоа и физички се пресметува со Ромите.

Во врска со рушењето на ромските куќи во Кочани, РИЦ - Штип има подготвено посебен извештај подкрепен со фотографии.

Обавени се разговори со семејствата чиј куќи се срушени и истите се препратени во ЗПР - Штип со канцеларија во Кочани да им подготват посебно Барање до одделението за спроведување на декадата и Акционите планови со цел тие да излобират во локалаената самоуправа и Министерството за транспорт и врски доделување на бесплатни плацеви за повторно градење на куќа од тврди градби.

Додека по однос на одржаниот состанок на Граѓанско советодавната група се донесе заклучок дека РИЦ редовно ќе добива известувања во врска со Ромите и полицијата.

Посебни проблеми при извршувањето на работните обврски не се забележани освен тие што секојдневно барат финансиски средства или вработување. Истите се препракаат на соодветни места (институции) за да добијат точна и навремена информација.

**Септември:**

Во текот на месец Септември персоналот на РИЦ - Штип покрај редовната административна работа во канцеларијата на РИЦ - Штип, персоналот вработен при канцеларијата не ја занемари и теренската работа и се залагаше во полето на образованието.

Персоналот на РИЦ - Штип во текот на месецот обави разговори со претпоставените лица при средните училишта во Штип и тоа:

- Средно Медицинско Училиште - Штип;
- Гимназија "Славѓчо Стојменски" - Штип
- Средно Текстилно Училиште "Димитар Мирасчиев" - Штип
- Државно Електромашинско Училиште " Коле нЕхтенин" - Штип

Во прва година се запишаа вкупно 21 ученика од кои 9 се запишаа во ДЕМУ "Коле Нехтенин", 6 во СТУ "Димитар Мирасчиев", 3 во СМУ - Штип и 3 во Гимназија "Славчо Стојменски.

Од овие 21 ученик кои се запишаа во прва година средно образование само 13 ученика се декларирани како Роми, останатите се декларираат како Турци, иако ние сметаме дека се работи за Роми.

Во овој период Ромскиот информативен центар - Штип во соработка со здружение за правата на Ромите - Штип во рамките на проектот "Еднакви образовни можности за децата Роми" спроведе и мало анкетирање на граѓаните од ромската заедница.

Анкетирањето беше со цел да се увиде состојбата на ромските деца и нивните родители, а воедно да се увиде каква е социо економската положба на нивните родители и какво видување имаа тие за образованието на нивните деца.

Во улиците Радански Пат и Косовска се спроведоа вкупно 30 анкети.

**Заклучок:**

Од анкетирањето се дојде до заклучок дек родителите на потенцијалните ученици роми се спремни да ги вклучат и нивните деца во образовниот процес, но поради ниските примања и поради тоа што поголем де4ла од ромсклата националност во Штип се корисници на социјална парична помош не се во можност да ги образуваат своите деца.

Покрај теренската работа Ромскиот информативен центар - Штип, во текот на овој месец опслужи вкупно 37 лица коин побарале помош при подготовка на одредени барања, молби итн.

**Октомври:**

Во овој период Ромскиот информативен центар - Штип покрај редовната административна работа во канцеларијата обави вкупно 2 средби со цел да добиеме одредени информации во полето на социјалната заштита и во полето на образованието.

На ден 25.10.2009. год. Ромскиот информативен центар - Штип одржа состанок во просториите на РИЦ - Штип со референтот за ромски прашања вработен при Центарот за социјални работи - Штип.

Целта на состанокот беше да му се помогне на едно лице кое се обрати до РИЦ - Штип и побара од нас да ние во рамките на наште ингеренции му излеземе во пресрет и неговиот проблем да го актуелизираме.

Покрај ова РИЦ - Штип од страна на ромскиот референт вработен при ЦСР - Штип ги доби потребните информации за тоа колку Роми и каков вид на помош користат од центарот за социјални работи - Штип.

- Социјална парична помош - 139 жени носители и 195 мажи носители на социјалната парична помош;
- Постојана парична помош - 27 жени носители и 17 мажи носители на постојана парична помош;
- Туѓа нега - 11 жени носители и 9 мажи;
- Детски додаток - 46 жени и 19 мажи корисници на детски додаток;
- Родителски додаток - вкупно 27 жени од кои 10 за второ дете, 11 за трето дете и 6 за четврто дете;
- Во текот на еден месец од вкупно 90 примени барања за еднократна парична помош околу 45 - 50 барања позитивно се решаваат во полза на ромските граѓани;

Втората средба беше со претставници на ОУ "Гоце Делчев" - Штип и ОУ "Димитар Влахов" - Штип.

Целта на оваа средба беше Ромскиот информативен центар - Штип да добие релевантни информации за бројот на вклучени деца Роми во образовниот процес.

ОУ "Гоце Делчев" - Штип од трето до осмо одделение. Во трето одд. има вкупно 19 ученика, во четврто одд. има вкупно 61 ученик, во петто одд. има вкупно 30 ученика, во шесто одд. има вкупно 23 ученика, во седмо одд. има вкупно 7 ученика и во осмо одд има вкупно 5 ученика.

ОУ "Димитар Влахов" - Штип од трето до  осмо одделение во трето одд. има вкупно 7 ученика, во четврто одд. има вкупно 8 ученика, во петто одд. има вкупно 24 ченика, во шесто одд. има вкупно 6 ученика, во седмо одд. има вкупно 3 ученика и во осмо одд. има вкупно 5 ученика.

**Ноември:**

Во периодот на известување односно во текот на месец Ноември 2009 год. Ромскиот информативен центар Штип обави повеќе активности поврзани со проблемите и потребите на ромската заедница во Штип.

Во текот на месец Ноември во канцеларијата на Ромскиот информативен центар - Штип се обратија вкупно 48 лица кои побараа и добија конкретна помош во изготвувањето на одредени барања, молби, жалби, тужби и изјави како и информации во врска со имплементацијата на активностите врзани за декадата на Ромите во Штип.

Покрај секојдневните работни обврски во канцеларијата на РИЦ - Штип, а во текот на истиот месец се одржаа три работни средби со вработените на Центарот за социјални работи - Штип, со цел да им се помогне на 3те семејства од ромската заедница.

Исто така Ромскиот информативен центар - Штип во текот на месец Ноември 2009 година два пати излезе на терен и ги посети ромските населби и ги информира Ромите околу задолжителното вакцинирање на нивните деца.

Во периодот на изветување во канцеларијата на Ромскиот информативен цантар - Штип помош побараа вкупно 48 лица за подготвување на барање до Центарот за Социјални Работи, молби за еднократна парична помош, жалби до второстепен орган при Министерството за транспорт и врски за неплатена закупнина, тужби за развод на брак, изјави и т.н.

Ромската заедница во Штип се уште ја чувствува големата потреба од постоењето на Ромскиот информативен центар поради тоа што голем дел од Ромите се стари изнемоштени, недоволно писмени, а најголем дел од ромската популација се и социјално исклучени. Таквите семејства се околу 70% од вкупно декларираните Роми, па затоа таквите заедници се соочуваат со пречки во остварувањето на нивните права при центрите за социјални работи или пак други установи кои директно се вклучени во решавањето на проблемите со Ромите.

Затоа, Ромскиот информативен центар во Штип е во тесна соработка со сите локални институции кои се надлежни да ѓи решаваат проблемите на Ромите и со истите секојдневно разменуваме мислења околу решавањето на проблемите кои се од потежок карактер.

Во текот на месецот и покрај редовните работни обврски на двајцата вработени во Ромскиот информативен центар, на посета ни беа тројцата вработени, Горана Рунтева, Зорица Богданова и Демирша Османов во Центарот за социјални работи врз кои директно лобиравме поединечно за трите семејства на кои им беше неопходно добивање Еднократна парична помош за приоритетни цели. Работните средби се покажаа како многу корисни бидејки семејствата на време ја добија бараната сума на пари и со тоа се постигнаа успешни преговори. Затоа, таквите работни средби се планирани по често во иднина. Трите семејства беа издвоени како првоприоритетни за овој месец бидејки **првото семејство** кое е го сочинуваат 4 члена Маж, жена и две деца и истите живеат на ул. "Радански Пат" бб се соочија со големи загуби поради тоа што од лично невнимание на двете малолетни деца од кварцна печка се запалила целата соба која по кратко време ја зафатила и целата куќа.

На првата средба на РИЦ со вработените во Центарот за социјални работи им се пренесе во детали потребата од Еднократна парична помош на опожареното семејство за кое добивме целосно рабирање и помош.

Од страна на Центарот за социјални работи Штип, на ова семејство им беа одвоени вкупна сума од 5.000 ден. на име еднократна парична помош, додека Ромскиот информативен центар Штип ги информираше сите локални телевизии да го презентираат проблемот на семејството во јавноста и со посебен апел да донираат средства за санирање на целосно изгорената куќа.

Исто така од Ромскиот информативен центар Штип за ова семејство беа изготвени три барања до Мобимак, Космофон и Вип со цел истите да им издадат бесплатен тел. број за донирање на средства.

**Вториот случај** се работеше за жена трудница која во текот на нејзината бременост одимала одредени компликации и под итно мораше да обезбеди Еднократна патрична помош за да стигне до клиниката во Скопје.

На втората работна средба со вработените од Центарот за социјални работи, Ромскиот информативен центар Штип успеа да излобира одобрување на еднократна парична помош во износ од 3.000 ден. за нејзиното патување до Скопје и понатамошните гиниколошки прегледи.

**На третата работна средба** со вработените на Центарот за социјални работи им беше приложен приоритетниот проблем кој задолжително понатамошната терапија требаше да ја продолжи во бањата кежовица во Штип, а за што му недостасуваа пари. На лицето му беше одобрена еднократна парична помош во висина од 2.000 ден. со што ја продолжи својата терапија.

Покрај овие активности Ромскиот информативен центар во Штип во два наврати посети 35 семејства од ромските населби "Радански Пат" и "Косовска" со цел да ги информира родителите на децата роми за нивното задолжително вакцинирање. Скоро ниту еден од посетените родители не беше информиран за важноста на вакцинацијата и сите ни кажуваа дека и тие самите не биле вакцинирани. Преку нашата посета им укажавме на важноста од вакцинирањето како и поседиците кои можат да се појават доколку не редовно децата ги примат предвидените вакцини.

Ромскиот информативен центар - Штип во соработка со претставници од одделот за имунизација при Здравствен дом - Штип, добивме официјален список на деца Роми кои не ги примиле навреме предвидените вакцини, а кои се неопходни за нив.

Бројот на деца кои не примиле вакцини за имунизација изнесува 169, па поради ова, задача на Ромскиот информативен центар - Штип беше активно да ги информира родителите на децата и воедно да им укаже колку вакцинирањето на дете е битно и каква може да биде последицата од невакцинирање.

**Декември:**

Во периодот на известување Ромскиот информативен центар - Штип, покрај редовната работа во канцеларија не ја занемари и теренската работа.

Во текот на овој месец РИЦ - Штип опслужи 32 лица кои побараа помош во изготвувањето на одредени барања, молби, жалби, изјави, тужби до релевантните институции на локално и национални ниво.

Исто така во текот на извештајниот период РИЦ - Штип пополни 38 уплатници со цел лицата од ромскла националност да можат да уплаќаат средства за издавање на потврди дека не се корисници или носители на имот.
Потврдата им беше потребна за обнова на социјалната помош.

Покрај Ова Ромскиот информативен центар - Штип како минатиот месец така и овој, излезе на терен со цел да ги информира оние лица на кои децата ги немаат примено соодветните вакцини за нивната возраст.

Покрај сите овие активности Ромскиот информативен центар - Штип во соработка со Здружение за правата на Ромите Штип обави 3 работни средби со студенти од ромската националност и студенти од Македонска националност со цел да им се прикажат посебните механизми за работа со ромските деца кои се од прво до четврто одделение.

Одкако вработените во ромскиот информативен центар - Штип и Здружението за правата на Ромите - Штип ги завршија предвидените работни средби со студентите од Педагошкиот Факултет при Универзитетот Гоце Делчев - Штип, истите беа присутни и на терен кои имаа единствена задача да ги информираат Родителите на децата дека во иднина нивните деца ќе бидат вклучени во проектот за дополнителна настава. Посетените родителите овој пат не зачудија со нивниот однос кога истите изразија голема заинтересираност за образованието на нивните деца. Свесни се родителите дека нивните деца не покажуваат голем интерес за нивното образование па затоа сметаа дека дополнителната настава ќе придонесе повеќе во изучувањето на предвидениот материјал.

Вработените во РИЦ - Штип беа вклучени во ваквата активност за да ги одржуваат редовно контактите со целната група.

Во текот на истиот месец за кој РИЦ известува беше и времето на обнова на документите за Социјаланата парична помош па затоа вработените на РИЦ - Штип помогнаа на вкупно 70 лица од ромска националност, а од кои 32 лица добија конкретна помош во изготвувањето на одредени барања, молби, жалби, изјави, тужби и истите беа препратени до релевантните институции како на локално така и на национално ниво.
Покрај овие лица помош од Ромскиот информативен центар секојдневно добиваат и оние лица на кој им е потребна помош при пополнувањето на

уплатници или обрасци, а кои не се архивираат во архивот на РИЦ - Штип. Таквиот број за месец Декември изнесува за вкупно 38 лица.

Покрај секојдневната работа во канцеларија, вработените од Ромскиот информативен центар - Штип беа излезени на терен односно на три пати во истиот месец беа посетени вкупно 42 семејства за да истите ги известеме дека нивните деца треба да примат вакцина која е предвидена за возраста на децата и дека истата е бесплатна.

По однапред добиената информација од ЈЗУ Здравствен Дом - Штип, РИЦ - Штип доби 8 списоци со вкупно 170 деца со име и презиме, татково име и улица со цел полесно да ги изнајдеме децата и ги информираме за нивната должност. РИЦ - Штип има поставено добри партнерски односи со ЈЗУ Здравствен дом - Штип и ваквата соработка ќе прерасне во редовна пракса.

При крајот на месец Јануари 2010 година, Ромскиот информативен центар има планирано состанок со претпоставените лица од одделението за имунизација со цел да се добијат конктерните податоци од постигнатиот резултат.

## 3.1. Услуги пружени на организации/групи за граѓански иницијативи/ индивидуи за период Јануари – Јуни 2009

| Вид на помош | Дата/ Услов | Локација на која е пружена услугата (Град/Село) | Број на барања/ консултации | Број на организации/групи/индивидуи | Вид на организации/групи (НВОи, органи за социјални услуги, итн.) | Тема (збирна/сумарна листа на теми и проблеми) | Метод (Личен, по телефон, по пошта, по е-маил, по интернет, итн.) | Коментари |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Помош во подготовка на барања, молби, жалби, тужби, изјави и.т.н. | | РИЦ - Штип | 491 | Индивидуалци | Институции на локално ниво | 491 | Личен, по телефон | |
| Совети за потребите на ромската заедница и релации со институции на локално ниво | | РИЦ - Штип | 895 | Индивидуалци | Ромска заедница | 895 | Личен | |
| Информации наменети за ромската заедница и страните кои се директно или индиректно вклучени во решавањето на проблемите и потребите на заедницата | | РИЦ - Штип | 1142 | Индивидуалци | Ромска заедница | 1142 | Личен | |
| Дадени услуги во фотокопирање, принтање, факс, испраќање на пошта и.т.н. | | РИЦ - Штип | 411 | Индивидуалци | РИЦ - Штип | 411 | Личен | |
| **Вкупен број**Error! Bookmark not defined. | | | **2939** | | | | | |

**Дата**

**15.01.2010 год.**

**Штип**

**Подготвиле**
**Бирџан Мехмедов**
**Сенада Мемедова**